Машински факултет
Број 02-165/2
28.01.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018) и член 69 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), на предлог од Деканатската управа, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 8-та редовна седница, одржана преку видеоконференциска платформа на 28 јануари 2021 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за утврдување на крајните рокови за завршување на втор циклус студии на студиските програми воведени 2015/2016 година на Машински факултет во Скопје

1. Со оваа одлука се утврдуваат крајните рокови за завршување на втор циклус студии на студиските програми кои се воведени во учебната 2015/2016 година на Машински факултет во Скопје, и тоа:

1.1. На студиската програма за редовни едногодишни студии по Менаџмент на животен циклус на производ (PLM).

1.2. На студиската програма за редовни едногодишни студии на англиски јазик по Sustainable Energy and Environment (SEE) – Одржлива енергетика и екологија.

2. Студентите кои на втор циклус студии на Факултетот се запишани заклучно со учебната 2020/2021 година или се вклучени (PLM) и студираат на студиските програми од точка 1 на оваа одлука, започнатите студии на Факултетот можат да ги завршат под условите по кои се запишале или вклучиле најдоцна до 30 септември 2024 година.

3. За студентите од оваа одлука кои немаат активен статус на студент се утврдува обврска за плаќање на административен надоместок за обезбедување континуитет во студирањето, во висина од 2.000,00 денари за секоја учебна година за која пропуштиле да се запишат.

Административниот надоместок се плаќа во вкупен износ за сите учебни години во кои студентот пропуштил да се запише, вклучително и учебната година во која го активира статусот на студент.

4. Студентите заостанатите наставни обврски по наставните предмети на студиската програма на која се запишани или вклучени ќе ги реализираат менторски кај предметните наставници определени со Покриеноста на наставата на втор циклус студии во учебната 2020/2021 година, односно кај наставниците кои ги презеле наставните обврски по наставните предмети со одлука на Наставно-научниот совет.

5. Финансиските обврски кон студиите (трошоци за студирање), студентите се должни да ги исполнат според следнава распределба на обврските:

- 75% од износот на трошоците за студирање да се подмирени најдоцна до денот на пријавување на магистерскиот труд и
- 100 % од износот на трошоците за студирање да се подмирени најдоцна до денот на предавање на изработениот магистерски труд со барање за формирање на комисија за оценка на трудот.

6. Студентите кои обврските кон студиите нема да ги завршат во рокот утврден со оваа одлука го губат правото на завршување по студиските програми по кои се запишани или во кои се вклучени и студиите на Факултетот можат да ги продолжат под условите на тековни студиски програми на втор циклус студии.

7. Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

Одлуката да се достави до: веб страна, студентска служба, продекан за МСНР, наставно-научен совет, наставно-научни колегиуми и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев